**20221101460**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 146/09, 53/11, 149/15, 39/16 и 132/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 150/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 мај 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2022 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022 година во вкупен износ од 154.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21) раздел 140.04 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во понатамошниот текст Агенција), програма 2 потпрограма 20 ставка 464 разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за органско растително производство | 25.000.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за органско сточарско производство | 68.000.000,00 |
| 3. | Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред | 1.000.000,00 |
| 4. | Финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло) | 1.000.000,00 |
| 5. | Финансиска поддршка за трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | 1.400.000,00 |
| 6. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација | 7.200.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства | 100.000,00 |
| 8. | Заостанати обврски од програмите за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 и 2021 година во врска со органското земјоделско производство | 50.300.000,00 |
| | Вкупно | 154.000.000,00 |

II

(1) Средствата од Дел I мерка 1 финансиска поддршка за органско растително производство на оваа програма се наменети за финансиска поддршка во органско растителното производство во вкупен износ од 25.000.000,00 ќе се користат за реализација на следните подмерки:

| Бр. на под мерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите органски поледелски култури освен за тутунот |
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива органска земјоделска површина со сончоглед |
| 1.3. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за органско градинарско производство и цвеќе на отворено и во пластеници |
| 1.4. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.3. за производство под контролирани услови на органски домати, пиперки и краставици |
| 1.5. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.3. за органски градинарски култури предадени во преработувачки капацитети |
| 1.6. | Директни плаќања по обработлива органска земјоделска површина за одржување на постоечки овошни насади |
| 1.7 | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.6. по обработлива земјоделска површина за одделни органски овошни видови |
| 1.8. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.6. за органски овошни култури предадени во преработувачки капацитети |
| 1.9. | Директни плаќања по обработлива органска земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади |
| 1.10. | Директни плаќања за производство на домашен сертифициран органски семенски материјал од прва и втора генерација за житни, индустриски, фуражни и градинарски култури |
| 1.11. | Директни плаќања за производство на домашен органски лозов и овошен саден материјал |
| 1.12. | Директни плаќања за производство на сертифициран органски посадочен материјал за градинарски производи и цветни култури |
| 1.13. | Директни плаќања за производство на предосновен и основен органски семенски материјал за житни култури |

(2) Корисници на средства од оваа програма од подмерка 1.1. од овој дел се земјоделски стопанства кои во производната 2021/2022 година имаат засеани и ожнеани површини предвидени во подмерката 1.1. во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2022 година (во понатамошниот текст: Уредбата).

(3) Висината на средствата од подмерка 1.1. од овој дел се зголемува за 50% во однос на утврдената висина за директните плаќања од алинеи 3, 4 и 6 од подмерката 1.1. од Уредбата.

(4) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.2. од овој дел се земјоделските стопанства кои имаат засеани и ожнеани површини со сончоглед и се корисници на подмерката 1.1. од оваа програма.

(5) Висината на средствата од подмерка 1.2. од овој дел се зголемува за 30% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.3. алинеја 2 од Уредбата.

(6) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.3. од овој дел се земјоделските стопанства кои имаат засеани и ожнеани површини и се корисници на подмерката 1.4 алинеи 3 и 4 од Уредбата.

(7) Висината на средствата од подмерка 1.3. од овој дел се зголемува за 100% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.4. алинеи 3 и 4 од Уредбата.

(8) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.4. од овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерката 1.5. од Уредбата.

(9) Висината на средствата од подмерка 1.4. од овој дел се зголемува за 100% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.5 алинеја 2 од Уредбата.

(10) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.5. од овој дел се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерката 1.4. од Уредбата.

(11) Висината на средствата од подмерка 1.5. од овој дел се зголемува за 100% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.6 алинеја 2 од Уредбата.

(12) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.6. од овој дел се земјоделските стопанства кои се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(13) Висината на средствата од подмерка 1.6. од овој дел се зголемува за 70% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.7. алинеја 3 од Уредбата.

(14) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.7. од овој дел се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со одделни органски овошни видови, кои се корисници на подмерката 1.6 од оваа програма и се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(15) Висината на средствата од подмерка 1.7. од овој дел се зголемува за 70% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.8. алинеи 2, 3, 4, 5 и 6 од Уредбата.

(16) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.8. од овој дел се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини и се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.

(17) Висината на средствата од подмерка 1.8. од овој дел се зголемува за 70% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.9. алинеја 2 од Уредбата.

(18) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.9 од овој дел се земјоделските стопанства кои се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(19) Висината на средствата од подмерка 1.9 од овој дел се зголемува за 70% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.10. алинеја 3 од Уредбата.

(20) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.10. од овој дел се земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал кои имаат произведен семенски материјал во 2022 година.

(21) Висината на средствата од подмерка 1.10. од овој дел се зголемува за 30% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.12. алинеја 5 од Уредбата.

(22) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.11. од овој дел се правните лица кои се запишани во Регистарот на снабдувачи за саден материјал кои имаат произведен лозов и/или овошен саден материјал во 2022 година.

(23) Висината на средства од подмерка 1.11. од овој дел се зголемува за 30% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.13. алинеи 3 и 4 од Уредбата.

(24) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.12 од овој дел се земјоделските стопанства кои се запишани во Регистарот на снабдувачи на саден материјал 2022 година.

(25) Висината на средствата од подмерка 1.12 од овој дел се зголемува за 30% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.14. алинеја 3 од Уредбата.

(26) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 1.13. од овој дел се земјоделските стопанства кои се запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал.

(27) Висината на средства од подмерка 1.13. од овој дел се зголемува за 30% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерката 1.16. алинеја 2 од Уредбата.

(28) Висината на директните плаќања предвидени во подмерката 1.1. од ставот (1) на овој дел, се пресметува скалесто и тоа: од 0,5 ха до 50 ха е 100%, од 50 ха до 100 ха е 60% и над 100 ха е 30% збирно за сите поледелски култури.

(29) Висината на директните плаќања предвидени во подмерките 1.3, 1.4. и 1.5 од ставот (1) на овој дел се пресметува скалесто и тоа: од 0,2 ха до 10 ха е 100%, од 10 ха до 50 ха е 60%, од 50 ха до 100 ха е 30% и над 100 ха е 10% збирно за сите градинарски култури.

(30) Висината на директните плаќања предвидени во подмерките 1.6, 1.7., 1.8. и 1.9. од ставот (1) на овој дел за овоштарското и лозарското производство се пресметува скалесто и тоа: од 0,1 ха до 10 ха е 100%, од 10,1 ха до 40 ха е 60%, од 40,1 ха до 60 ха е 30% и над 60 ха е 10%.

III

(1) Средствата од Дел I мерка 2 финансиска поддршка за органско сточарско производство од оваа програма се наменети за директни плаќања за сточарско органско производство во износ од 68.000.000.000 денари ќе се користат според следните подмерки:

| Бр. на под мерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 2.1. | Директни плаќања за обележани органски грла говеда |
| 2.2. | Директни плаќања за одгледани и заклани грла органски говеда во регистриран кланичен капацитет |
| 2.3. | Директни плаќања за обележани грла органски овци од сите категории |
| 2.4. | Директни плаќања за обележани грла органски кози |
| 2.5. | Директни плаќања за женски приплодни грла- органски матоpици |
| 2.6. | Директни плаќања за одгледани и заклани органски гоеници во регистрирани кланични капацитети |
| 2.7. | Директни плаќања за одгледани и заклани органски бројлери во регистрирани кланични капацитети |
| 2.8. | Директни плаќања за регистрирано презимено органски пчелно семејство |

(2) Корисници на средства од оваа програма подмерка 2.1. од овој дел се земјоделските стопанства кои одгледуваат органски говеда, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.11.2022 година.

(3) Висината на средствата од подмерка 2.1. од овој дел се зголемува за 50% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерка 2.1. алинеја 2 од Уредбата.

(4) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 2.2. од овој дел се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале органски говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, за период од мај 2021 година до април 2022 година.

(5) Висината на средствата од подмерка 2.2. од овој дел се зголемува за 50% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерка 2.4. алинеја 2 од Уредбата.

(6) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 2.3. од овој дел се земјоделски стопанства одгледувачи на органски овци кои поседуваат минимум 30 грла овци од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.11.2022 година.

(7) Висината на средствата од подмерка 2.3. од овој дел се зголемува за 50% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерка 2.7. алинеја 2 од Уредбата.

(8) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 2.4. од овој дел се земјоделските стопанства одгледувачи на органски кози кои поседуваат најмалку десет грла кози од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на кози и истите ќе ги чуваат до 31.11.2022 година.

(9) Висината на средствата од подмерка 2.4. од овој дел се зголемува за 50% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерка 2.10. алинеја 2 од Уредбата.

(10) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 2.5 од овој дел се земјоделските стопанства кои одгледуваат органски женски приплодни грла-маторици и поседуваат минимум две грла маторици и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.10.2022 година.

(11) Висината на средствата од подмерка 2.5 од овој дел се зголемува за 50% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерка 2.12. алинеја 2 од Уредбата.

(12) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 2.6 од овој дел се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале најмалку пет органски гоеници во период од мај 2021 година до април 2022 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло.

(13) Висината на средствата од подмерка 2.6 од овој дел се зголемува за 50% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерка 2.14. алинеи 2 и 3 од Уредбата.

(14) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 2.7. од овој дел се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани бројлери во период од мај 2021 година до април 2022 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло.

(15) Висината на средствата од подмерка 2.7. од овој дел се зголемува за 50% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерка 2.15. алинеја 2 од Уредбата.

(16) Корисници на средствата од оваа програма подмерка 2.8. од овој дел се земјоделските стопанства кои поседуваат минимум 20 регистрирани презимени пчелни семејства.

(17) Висината на средствата од подмерка 2.8. од овој дел изнесува 50% во однос на утврдената висина за директните плаќања предвидени во подмерка 2.18. алинеја 2 од Уредбата.

IV

(1) Средствата од Дел I мерка 3 од оваа програма се наменети за директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред.

(2) Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред.

(3) Оваа мерка се однесува за површини на кои се одгледуваат тревни смеси кои служат за зелено ѓубрење или пак површините не се користат за земјоделско производство (се оставаат за угар во плодоред), со исклучок на површините на кои угарот се применува повеќе од една година на иста површина.

(4) Висината на директните плаќања за мерка 3 од Дел I од оваа програма изнесува 3.500 денари по хектар.

V

(1) Средствата од Дел I мерка 4 од оваа програма се наменети за директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло(вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло).

(2) Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат произведено преработки од примарни земјоделски органски производи или производи во преод од домашно потекло или пак имаат извршено доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло и истите ги имаат продадено.

(3) Висината на директните плаќања за мерка 4 од Дел I од оваа програма изнесува 10% од вредноста на произведените и продадени производи, но не повеќе од 150.000,00 денари по оператор.

VI

(1) Средствата од Дел I мерка 5 од оваа програма се наменети за директни плаќања за трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

(2) Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои вршат трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

(3) Висината на директните плаќања за мерка 5 од Дел I од оваа програма изнесува 5% од вредноста на продадени/извезени производи, но не повеќе од 150.000 денари по оператор.

VII

(1) Средствата од Дел I мерка 6 од оваа програма се наменети за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација.

(2) Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи од областа на органското земјоделско производство кои имаат добиено сертификат од овластено тело во 2022 година.

(3) Висината на директните плаќања за мерка 6 од Дел I од оваа програма изнесува 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2022 година.

VIII

(1) Средствата од Дел I мерка 7 од оваа програма се наменети за посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и други материи на почва и во органски производи во 2022 година.

(2) Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и други материи на почва и во органски производи во 2022 година.

(3) Висината на директните плаќања за мерка 7 од Дел I од оваа програма изнесува 70% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 9.000 денари по земјоделско стопанство.

IX

(1) Корисници на дополнителните директни плаќања на подмерките од Дел II, Дел III и мерката од Дел IV од оваа програма се земјоделските стопанства кои имаат сертифицирано растително и/или сточарско органско производство и/или производство во преод согласно Законот за органско земјоделско производство.

(2) Дополнителните директни плаќања од Дел I мерки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа програма ќе се реализират со поднесување на барање за финансиска поддршка до Агенцијата, согласно Уредбата.

(3) Финансиската поддршка за директните плаќања од Дел I мерки 1 и 2 од оваа програма се реализира со склучување на договор за органско производство помеѓу Агенцијата и субјектот кој поднесува барање за добивање на директни плаќања за органско производство.

X

Средствата од Дел I мерка 8 на оваа програма се наменети за исплата на заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 и 2021 година во врска со органското земјоделско производство.

XI

Крајните рокови за поднесување на барањата за директни плаќања во органското земјоделско производство за 2022 година по одделни подмерки од оваа програма се :

1. До 31 мај 2022 година за подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., 1.6.,1.7, 1.9., 1.10., 1.11., 1.12 и 1.13 од Дел II од оваа програма, за подмерките 2.1., 2.2., 2.3., 2.4., 2.5., 2.6.,и 2.8. од Дел III од оваа програма и мерката од Дел IV од оваа програма.

2. До 25 декември 2022 година за подмерките 1.5. и 1.8. од Дел II од оваа програма и мерките од Дел V, Дел VI, Дел VII и Дел VIII од оваа програма.

3. За подмерката 2.7 од Дел III од оваа Програма крајниот рок за поднесување на барања е според следните периоди:

- до 1 јуни 2022 година за периодот од 1 октомври 2021 година до 31 декември 2021 година,

- до 20 јуни 2022 година за периодот од 1 јануари 2022 година до 31 април 2022 година,
- до 5 ноември 2022 година за периодот од 1 мај 2022 година до 30 септември 2022 година.

XII

Исплатата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата.

XIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 41-3903/1
3 мај 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.